Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 30.09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4674 | 1 | |

16:02

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје бр.10-4597/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

## ПРЕДЛОГ
## за изрекување мерка

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје бр.10-4597/1 од 27.09.2016 година, емитуван во периодот од 12 до 21 септември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик(кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје бр.10-4597/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 75 став 1 од Изборниот законик.

## Образложение

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 27.09.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје бр.10-4597/1 од 27.09.2016 година, емитуван во периодот од 12 до 21 септември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-4597/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека при изборното медиумско претставување во периодот од 12 до 21 септември 2016 година Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје необезбеди изборно медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин. Квантитативно, има разлики во известувањето за двете најголеми политички партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Меѓутоа, констатирани се големи разлики од квалитативен аспект при тонот на известувањето и врамувањето за двете најголеми политички партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, како и други субјекти кои се релевантни за политичките процеси во време на предизборието. Имено, во дневно – информативните

емисии - Обсервер на Нова во 19 часот емитувани во рамките на програмскиот сервис на Нова ДООЕЛ Скопје во деновите 13, 15, 20 септември 2016 година, се забележува негативно врамување на одредени личности и континуирано известување со позитивна рамка и позитивен тон за политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и за носителите на власта.

На 16 септември се констатира дека во рамките на Отвореното студио од 20 часот водителката се вмешуваше на навивачки начин во дијалогот меѓу министерот за финансии и неговиот заменик. Таа настапуваше со поостар тон со претставникот на СДСМ а во функција на подржувач на претставникот на ВМРО ДПМНЕ (министерот). Во исто време на кајронот постојано се емитувани имаше цитати со изјави на министерот (едната страна) со што се потенцираше неговиот дел од изјавите, што е недвојбено навивачки и може директно да се припише на оној кој ја подготвувал емисијата.

Врз основа на претходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љубомир Костовски ____________
2. Горан Трпеноски ____________
3. Љуљзим Хазири ____________